МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. ____________ од 17. 07. 2018 година
Скопје

УП1-11/4-844/2018

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016 ), постапувајки по барањето на "АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" од Скопје, за одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина број УП1-11/4-844/2018 од 04.06.2018 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ
### За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, со технички број ЕЖС_068_05/18 од Мај 2018 година, изготвен од страна на ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО од Скопје, за проектот: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј во општина Кичево, за потребите на АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведба на проектот: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј во општина Кичево, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ изградбата и работата на објектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

## Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за: проект: Изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј во општина Кичево, за потребите на АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ.

Фотонапонската централа за производство на електрична енергија ќе биде поставена во границите на РЕК Осломеј со проектиран капацитет од 10MW.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/14), од страна на на ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со почит,

**Директор на**
**Управа за животна средина**
**Xhezmi Saliu**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
* СКОПЈЕ *

Подготвил: Александар Петковски
Контролирал/Согласен:Билјана Петкоска